**JOHNSON MATTHEY PLC СТАНДАРДНИ ОДРЕДБИ И УСЛОВИ ЗА КУПУВАЊЕ („УСЛОВИ“)**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**1. ДЕФИНИЦИИ И ТОЛКУВАЊЕ**:

1.1 Во овие Услови се користат следните дефиниции:

(a) „Подружница“ значи лице, организација, фирма или ентитет кој директно или индиректно, преку еден или повеќе посредници, ги контролира, е контролирана од или е под заедничка контрола со Страна, каде „контрола“ значи директна или индиректна моќ да насочува или да ја предизвикува насоката на управувањето и политиките, преку сопственишто или со најмалку педесет проценти (50 %) од гласачките права, со договор или поинаку;

(b) „Комерцијални услови“ значат барањата одредени во Нарачка и/или некој таков друг документ (документи) како што е договорено со нас написмено;

(c) „Договор“ значи договорот за продажба и купување на Стоки и/или Услуги што ги сочинуваат Комерцијалните услови и овие Услови, вклучувајќи ги Анексите каде што се применливи;

(d) „Стоки“ и/или „Услуги“ значат стоките и/или услугите договорени во Комерцијалните услови што вие ќе ни ги продадете на нас;

(e) „Нарачка“ значи нарачка за купување или издавање за Стоките и/или Услугите што ние повремено ја доставуваме до вас;

(f) „Спецификација“ значи писмена спецификација за Стоките и/или Услугите;

(g) „ние“, „нас“ и „наше“ значи или се однесува на Johnson Matthey PLC и/или на некоја од неговите Подружници, како што е наведено во Комерцијалните услови, со кои вие имате склучено договор; и

(h) „вие“ и „ваше“ значи или се однесува на снабдувачот од кого ние ги купуваме Стоките и/или Услугите.

1.2 Следното толкување се применува во овие Услови:

(a) Личност вклучува физичко лице, правно лице или субјект без правна особеност (независно дали има или нема посебен правен идентитет);

(b) Спомнување на страна ги вклучува нејзините наследници и дозволени придружници;

(c) Спомнување на статут или статутарна одредба е повикување на истиот како што е изменет или повторно договорен. Спомнување на статут или статутарна одредба ги вклучува сите подзаконски акти направени според тој статут или статутарна одредба;

(d) Кои било зборови што ги следат терминитe вклучително, вклучува, особено, на пример или друг сличен израз се сметаат за илустративни и не го ограничуваат значењето на зборовите, описот, дефиницијата, фразата или терминот што им претходи на тие зборови; и

(e) Заглавијата во овие Услови се вметнати само за погодност и тоа не влијае на нивното толкување.

**2. ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИ**:

2.1 Овие Услови се единствени услови според кои ќе работиме со вас и го регулираат Договорот независно од какви било услови што можеби ги има во некое прифаќање, фактура или друг формулар добиен од вас и независно од прифаќање или плаќање на каква било пратка или сличен чин, и со ова ние одбиваме какви било различни или дополнителни одредби и услови кои не се договорени во Договорот или кои се подразбираат од струка, обичај, пракса или постапки на работа.

2.2 Во случај на конфликт помеѓу Комерцијалните услови и овие Услови, Комерцијалните услови ќе надвладеат до степен кој е неопходен да се реши таков конфликт.

2.3 Никаква промена на Договорот нема да биде важечка ако не е договорена однапред написмено и потпишана од двете страни. За да се избегне сомневање, одредбите од овој услов 2.3 ќе се применуваат на кое било покачување на цената (поради која било причина) и на какво било доцнење на испораката. Освен ако не е поинаку договорено написмено, секое купување на скапоцен метал од наша страна ќе биде предмет на соодветните стандардни проверки на лице место и условите за авансно купување на Johnson Matthey PLC.

**3. ИЗВЕДБА**:

3.1 Вие ќе ги обезбедите Стоките и/или ќе ги извршите Услугите во согласност со Договорот.

3.2 При обезбедувањето на Стоките и/или Услугите, вие треба:

(a) да се придржувате до нашите разумни упатства;

(b) да користите стоки, материјали, стандарди и техники од највисок квалитет;

(c) да се уверите дека во секое време ги имате и ги одржувате сите лиценци, одобренија, овластувања, согласности и дозволи што ви се потребни да ги извршувате обврските од Договорот;

(d) да не направите или да пропуштите да направите нешто што може да предизвика ние да изгубиме лиценца, овластување, согласност или дозвола на која се потпираме за целите на извршувањето на нашиот бизнис;

(e) да ги почитувате сите барања за здравје, безбедност и сиурност што се применуваат во сите наши простории;

(f) да се придржувате до сите важечки закони, статути, регулативи и кодекси што се на сила одвреме навреме;

(g) да соработувате со нас за сите прашања во врска со Услугите во согласност со временските рамки кои ние ги бараме, но во секој случај, во разумен временски период имајќи ја предвид природата на соодветните Стоки и/или Услуга и околностите во кои истата се снабдува; и

(h) да обезбедите прирачници за ракување и одржување во врска со Стоките со доволно детали за да ни овозможите на нас и на нашите вработени, агенти или подизведувачи безбедно и соодветно да ракуваме, да ги одржуваме или поправаме Стоките. Потврдувате дека Стоките може да бидат комбинирани или вклучени во други добра или производи (вклучително и фармацевтски производи кои ќе ги конзумираат луѓе) и може да бидат доставени сами или во комбинација, до трети страни.

**4. БЕСПЛАТНО ИЗДАДЕНИ МАТЕРИЈАЛИ**:

4.1 Треба да ги чувате сите материјали и опрема (вклучително алатки, шаблони, примероци, калапи и слично), цртежи и податоци што ние ви ги доставуваме со безбеден надзор на ваш сопствен ризик, да ги одржувате тие материјали додека да ни ги вратите и да не ги фрлате материјалите на поинаков начин освен на оној што е во согласност со нашите писмени упатства или овластување, и тие предмети не треба да се користат поинаку од она што ве имаме овластено написмено. Треба да поседувате и да биде важечка (од реномирана осигурителна компанија) таква полиса за осигурување која ги покрива сите ризици на загуба или оштетување на сите материјали и опрема, цртежи и податоци што ние ќе ви ги доставиме додека се под ваш надзор во нивната целосна вредност за нова замена. Вие треба, на барање, да покажете сертификат за осигурување со детали што покрива осигурувањето и сметка за платена премија од тековната година за тоа осигурување.

**5. ИСПОРАКА**:

5.1 Освен ако не е поинаку договорено со нас, Стоките треба да бидат испорачани, преносот, осигурувањето и царината треба да бидат платени на датумот и на адресата наведени во Комерцијалните услови (во текот на нормално работно време) и ако не е наведен таков датум, тогаш испораката треба да се очекува во разумен период имајќи ја предвид природата на Стоките што се обезбедени и околностите во кои тие се испорачани. Времето на испораката на Стоките и/или извршувањето на Услугите ќе биде најважно. Треба веднаш да нè информирате ако имате каква било причина да верувате дека може да доцните или дека ќе доцните на кој било начин со извршувањето на вашите обврски од овој Договор.

5.2 Сите Стоки треба да имаат документација за испорака и етикети (i) со целосни детали за Стоките, упатство за посебно складирање (ако има) со означување на број на нарачка и таму каде што е соодветно (ii) податоци за безбедност на материјалот (вклучително и какви било неопходни преводи за тоа), сертификат за анализа и сертификат за усогласеност со Спецификацијата и (iii) целокупната документација за одобрување на извоз и увоз.

5.3 Стоките мора да бидат соодветно пакувани и обезбедени на начин што ќе им обезбеди да стигнат до нас во добра состојба и да се осигури усогласеност со законите и прописите во врска со производството, означувањето (вклучително, онаму каде што е применливо, соодветна употреба на ознаката CE), соодветно пакување, складирање, ракување и испорака на Стоките што се применува на дестинацијата и датумот на испорака. Треба да се осигурите дека извршувањето на вашите обврски спред Договорот во секое време ќе биде спроведено во согласност со нашата посветеност да работиме на етички и одржлив начин.

5.4 Вие треба да се уверите дека Стоките (и какви било компоненти што се состојат во нив) ефикасно се пред-регистрирани, регистрирани (или изземени од обврската да се регистрираат) и (ако е соодветно) оценети и/или авторизирани во согласност со соодветните барања на (i) Регулативата (ЕК) Бр. 1907/2006 во врска со Регистрација, Оценување, Авторизација и Ограничување за хемикалии како што е применето во Република Северна Македонија со Законот за хемикалии и (ii) какви било статутарни барања усвоени во Северна Македонија во врска со регистрација, евалуација, авторизација и ограничување на хемикалии („**REACH**”) за употребите што се објавени од нас. Ако Стоките се класифицирани како артикал според Член 7 од REACH и соодветните одредби од Законот за хемикалии, овој услов 5.4 исто така ќе се примени на супстанциите што се ослободени од таквите Стоки. Вие треба

да нè известите ако Стоките (или некоја компонента што се содржи во нив) или пакувањето содржат супстанца во концентрација што надминува 0,1 процент на маса (W/W) ако таа супстанца ги исполнува критериумите од Член 57 и 59 од REACH (Член 42 и 51 од Законот за хемикалии) (супстанци за многу големо внимание). На годишно ниво или како што е поинаку побарано од наша страна, вие треба да обезбедите потврда и документиран доказ за вашата усогласеност со овој услов 5.4.

5.5 Испораката ќе биде завршена кога на датумот за испорака и на местото за испорака усогласените Стоки се истоварени или Услугите се извршени од вас. Ние го задржуваме правото да одбиеме какви било Стоки за кои ќе откриеме дека се оштетени при контролата после испораката. Издавањето на белешка за прием од наша страна за кои било Стоки и/или Услуги нема да значи прифаќање на состојбата, природата, квалитетот, квантитетот, супстанцијата или ефикасноста на тие Стоки и/или Услуги.

**6. ОДДЕЛНИ ИСПОРАКИ**:

Ние немаме обврска да прифатиме испорака во делови. Ако е договорено Стоките и/или Услугите да бидат испорачани со одделни испораки, тие може да бидат фактурирани и платени одделно. Меѓутоа, вашиот неуспех да испорачате кој било дел на време или да не го испорачате воопшто или каков било дефект во пратката ќе нè овласти да го прекинеме целиот или кој било неисполнет дел од Договорот во согласност со кој тие требало да бидат испорачани, без понатамошна одговорност кон вас.

**7. ПРИФАЌАЊЕ, ОДБИВАЊЕ И ИНСПЕКЦИЈА**:

7.1 Во кое било време во текот на дизајнирањето, проектирањето или производството на Стоките, ние или нашите претставници, со разумно известување до вас, имаме право да извршиме инспекција и/или тестирање на Стоките. Исто така може да побараме тестови за прифаќање да бидат извршени во врска со Стоките и/или Услугите, по наше видување, или од наша страна или од вас на вашата локација, или после инсталирањето и/или нарачката на Стоките на нашата локација (каде што е применливо) или извршувањето на Услугите, и резултатите од тестовите ќе ни бидат достапни на нас.

7.2 Ако во текот или после каква било инспекција и/или тестирање, вие нè известите за недостатоци или работа што не е во согласност со Договорот, вие треба веднаш да ги коригирате тие недостатоци на ваш трошок и да нè информирате кога таквите недостатоци се поправени и да доставите барање за понатамошни инспекции и/или тестови.

7.3 Ние сме овластени да одбиеме какви било Стоки и/или Услуги или да бараме од вас да ги земете Стоките кои, при разумно однесување, сметаме дека не ги исполнуваат условите при инспекција или тестирање. Какво било прифаќање на неисправни, задоцнети или непотполни Стоки и/или Услуги нема да претставува одрекување од кои било од нашите права и правни лекови, вклучително и нашето право на одбивање.

**8. ЦЕНА И ПЛАЌАЊЕ**:

8.1 Цената за Стоките и/или Услугите ќе биде утврдена во Комерцијалните услови и освен ако не е поинаку договорено написмено, ќе ги вклучи сите трошоци за царини, давачки/даноци, шпедиција, пренос, осигурување и пакување, но нема да вклучува ДДВ или каков било сличен данок што се плаќа во нашата јурисдикција. Ако вие, според Договорот, направите некоја испорака што се оданочува за цели на ДДВ, ние, по добивањето на валидна фактура за ДДВ од вас, ќе ги платиме тие дополнителни суми поврзани со ДДВ како што се плаќаат при набавката на Стоките и/или извршувањето на Услугите во исто време кога е достасана наплатата за набавката на Стоките и/или Услугите.

8.2 Цената за Стоките и/или Услугите ќе биде ваша целосна одговорност за наплата во однос на доставувањето на Стоките и/или извршувањето на Услугите и ќе го вклучи секој трошок и издаток (вклучително и издатоците што се настанати од трети страни во ваше име) директно или индиректно настанати во врска со снабдувањето на Стоките и/ или извршувањето на Услугите. Нема да има дополнителни трошоци освен ако не е договорено написмено и потпишано од наша страна.

8.3 Освен ако не е поинаку договорено, вие треба да ни испратите фактура за (i) Стоки, не порано од завршувањето на испораката на Стоките или, ако е подоцна, од нашето прифаќање на Стоките; и (ii) Услуги не порано од завршувањето на извршување на Услугите или, ако е подоцна, од нашето прифаќање на Услугите. Секоја фактура треба да содржи информации што ние ги бараме за да ја потврдиме веродостојноста на фактурата, вклучително и соодветниот број на нарачката за купување.

8.4 Ние ќе ја платиме секоја валидно доставена фактура во рок од 60 дена од крајот на месецот по добивањето на фактурата.

8.5 Точниот број на нарачката за купување мора да биде наведен во сите фактури, и ние не прифаќаме каква било одговорност за фактурите, информациите за испорака или друга комуникација на која ги нема тие броеви за нарачката за купување.

8.6 Ако има спор кој се решава со добра волја за тоа дали одредена сума треба да ви се плати на вас според Договорот, ние може да ја задржиме сумата од спорот додека не се реши спорот, под услов: (i) ние мора да ги платиме сумите што не се спорни во согласност со условот 8.4; и (ii) другите обврски на страните според Договорот на никој начин нема да бидат засегнати од каков било спор според овој услов 8.6.

8.7 Ако ние не извршиме некое плаќање на време според Договорот, вие може да наплатите камата на сумата што ја должиме со стапка од два проценти (2%) годишно според основната вредност на Народна банка на Северна Македонија (Референтна стапка за пресметување на стапката на казнената камата) повремено. Овој услов 8.7 не се однесува за плаќања што се решаваат со добра волја.

8.8 Ние можеме во кое било време, без нарушувања на кои било други права или правни лекови што ни стојат на располагање според Договорот или поинаку, да порамниме која било ваша обврска кон нас, без разлика дали таквата одговорност е сегашна или идна, ликвидирана или неликвидирана, според Договорот или поинаку и независно од валутата на нејзината деноминација наспроти која било наша одговорност кон вас. Ако обврските кои треба да се порамнуваат се изразени во различни валути, ние може да ја промениме која било обврска по пазарна стапка на размена за целите на таквото порамнување.

8.9 Нашите плаќања за Стоките и/или Услугите нема да претставуваат одрекување од кое било од нашите права, ниту таквото плаќање ќе прекине кои било од вашите обврски.

**9. СОПСТВЕНОСТ И РИЗИК:**

Освен ако не е поинаку договорено, сопственоста на Стоките ќе се пренесе на нас при плаќањето или испораката, кое и да се случи порано. Вие ќе обезбедите сопственоста на Стоките да се пренесе со целосна гаранција за сопственост и ослободена од сите заложни права. Ниту плаќањето, ниту пренесувањето на сопственоста или ризикот во Стоките или Услугите на нас, нема да се смета дека претставува прифаќање на Стоките и Услугите ниту тоа ќе наруши кои било од нашите права и правни лекови. Ризикот за Стоките ќе премине на нас по завршувањето на испораката во согласност со условот 5.5.

**10. ВАРИЈАЦИИ**:

10.1 Предмет на услов 10.2, ние можеме, без да го поништиме Договорот, да издадеме упатства со кои бараме дополнувања, редуцирања, бришења, замени или какви било други измени на испораката, вклучително и за кој било аспект на Стоките и/или на Услугите и/или на Спецификацијата, и/или промени во редоследот и/или планираниот/те датум/и за испорака.

10.2 Страните треба да настојуваат да го усогласат влијанието на времето и трошокот пред да спроведете какви било инструкции издадени во согласност со услов 10.1, кој ако не се исполни, сите издадени инструкции ќе бидат оценети од нас на фер и разумна основа. Нема да имате право на дополнителен трошок и/или продолжување на времето ако таквите инструкции се издадени како резултат на вашиот неуспех да се придржувате кон одредбите од овој Договор. Секоја инструкција ќе биде обврзувачка за страните само ако е договорена во согласност со услов 2.3.

**11. ПОДИЗВЕДУВАЧИ**:

Можете вашата работа според Договорот да ја дадете на подизведувач, на кои било соодветно квалификувани лица („**подизведувач**“), под услов да обезбедите однапред писмена согласност од нас. Во сите случаи, вие ќе бидете надлежни и одговорни за постапките и пропустите на кој било подизведувач, вклучително и персоналот на подизведувачот во иста мера како тие постапки и пропусти да се направени од вас или од вашиот персонал, и ќе бидете одговорни за сите хонорари и трошоци што се плаќаат на подизведувачот.

**12. ДОВЕРЛИВОСТ**:

12.1 Секоја од страните во овој Договор ќе ги чува строго доверливо и нема да открива на трета страна или да користи или употребува за цел поинаква од извршувањето на сопствените обврски според Договорот, сите технички, финансиски или комерцијални информации за знаења и искуства, податоци, спецификации, пронајдоци, процеси или иницијативи што се од доверлива природа во врска со другата страна („**информатор**“) или неговите Подружници откриени, директно или индиректно на тоа („**примател**“) од информаторот или неговите Подружници, вработени, претставници, советници, агенти или подизведувачи („**претставници**“) и кои било други доверливи информации во врска со бизнисот на информаторот или производите кои може да ги добие примачот („**Доверливи информации**“).

12.2 Примателот треба да го ограничи откривањето и/или користењето на таквите Доверливи информации на своите претставници кои треба да ги знаат истите со цел да ги извршат обврските од Договорот. Примателот треба да се увери дека тие претставници се предмет на слични обврски за доверливост како што е обврзан примателот според овој услов 12.2. Секоја од страните на овој Договор е одговорна за какво било неовластено користење или откривање на Доверливи информации на другата страна од своите претставници.

12.3 Примателот може да открие какви било Доверливи информации на регулатор, орган за спроведување на законите или на друго трето лице ако тоа се бара според закон, регулатива или слична меродавност. Во тие околности примателот мора (до степен до кој е практично и законски да го стори тоа) да го извести објавувачот написмено што е можно порано пред откривањето и да ги искористи сите разумни напори да се консултира со објавувачот за да се согласат за времето, начинот и степенот на откривање.

12.4 Каква било Доверлива информација ќе остане сопственост на објавувачот и ќе се смета дека е дадена со доверба на примателот и треба да му се врати на објавувачот или да се уништи (како што ќе укаже објавувачот и со овластување за уништување) веднаш после барањето. Вие не смеете без наша претходна писмена согласност да

го откривате, копирате, рекламирате или објавувате постоењето на Договорот или каква било информација поврзана со Договорот, вклучително и името на Johnson Matthey, Стоките, Услугите, или местото на испорака или извршување.

12.5 Секоја страна признава дека штетите сами по себе нема да бидат соодветен правен лек во случај на прекршување од другата страна на одредбите од овој услов 12. Според тоа, договорено е дека секоја страна ќе биде овластена без доказ за специјални штети, да бара забрана или друг привремен правен лек за каква било закана од прекршување или реално прекршување на овој услов 12 од другата страна, без нарушување на какви било други права и правни лекови што таа прва страна може да ги има.

12.6 Овој услов 12 ќе продолжи да важи и по истекувањето или прекинувањето на Договорот.

**13. ПРАВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**:

13.1 Каква било Спецификација (технички опис), цртежи или податоци што ние ќе ви ги доставиме на вас, или што вие ќе ги произведете врз основа на таа Спецификација, цртежи или податоци што ние сме ги дале, во врска со производството на Стоките и/или извршување на Услугите по нашето упатство, заедно со сите права за интелектуална сопственост овде ќе бидат наша ексклузивна сопственост и вие не може да ги користите за каква било цел, комерцијална или поинаква, освен како што се бара за извршување на вашите обврски според Договорот или како што е директно наведено од нас. Вие се обврзувате да извршите каква било формална задача што ќе ја побараме и да ни помогнете во формалното регистрирање на тие права на интелектуална сопственост.

13.2 До степенот до кој Договорот овозможува Стоките да бидат произведени или Услугите да бидат извршени според вашите или дизајните и спецификациите на вашиот подизведувач, вие ќе бидете одговорни за обезбедување на сите цртежи, спецификации, пресметки и други информации што се неопходни за извршување на таа работа. Вие ќе бидете одговорни за какви било грешки или пропусти во цртежите, спецификациите, пресметките или другите информации што ги доставувате без оглед дали истите се одобрени од наша страна или не и вие треба да ги поправите сите грешки и пропусти. Вие сте одговорни за трошокот за каква било поправка/корекција која ќе биде потребна освен ако грешките и пропустите се настанати како резултат на несоодветна информација што е доставена написмено од нас, освен ако не се работи за некоја грешка што би требало да биде разумно очигледна на искусен доставувач или требало да биде откриена од вас и вие не сте успеале навреме да ја предочите истата.

**14. НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД СТРАНА НА ДОСТАВУВАЧОТ:**

14.1 Услов од Договорот е дека Стоките и/или Услугите ќе бидат во согласност со Договорот во сите аспекти. Вие гарантирате, застапувате и се обврзувате дека:

(a) сите Стоки ќе бидат: (i) обезбедени во количина што е наведена во Договорот; (ii) во согласност со Спецификацијата (и каков било друг опис на Стоките што се договорени помеѓу страните) и, ако нема Спецификација или опис, ќе бидат на наше разумно задоволство; (iii) со задоволителен квалитет и произведени во согласност со најдобрите пракси во индустријата; (iv) ќе одговараат за намената за која вие тврдите дека одговараат, како што ви е кажано, или како што поинаку разумно може да се очекува да бидат користени; и (v) без грешки во дизајнот, материјалот и изработката; и

(b) Услугите ќе: (i) бидат обезбедени во согласност со Спецификацијата и каков било друг опис на Услугите во Договорот; (ii) бидат обезбедени така што производите од Услугите и сите стоки и материјали кои се снабдени и користени во Услугите нема да имаат грешки во изработката, инсталацијата и дизајнот; (iii) бидат извршени во согласност со најдобрата пракса во индустријата и со користење на персонал кој има соодветни вештини и искуство да ги извршува задачите кои им се назначени и во доволен број за да се осигури дека вашите обврски се исполнети во согласност со Договорот; (iv) бидат извршени со разумна вештина и грижа што се очекува од компанија со ваша стручност и искуство што работи на проекти со слична големина, обем и вредност и (v) почитуваат какви било датуми за извршување што се наведени во Комерцијалните услови и, ако нема наведен таков датум, тогаш извршувањето е потребно да биде во разумен период имајќи ја предвид природата на Услугите што се обезбедуваат.

14.2 Ако не успеете да ја реализирате Нарачката во согласност со Договорот или се докаже дека Стоките и/или Услугите имаат дефект во рок од 12 месеци од испораката, тогаш ние можеме, по наша процена: (i) да ги одбиеме Стоките (во целост или делумно) и да ви ги вратиме на ваш сопствен ризик и трошок; (ii) да бараме од вас што е можно порано да ги поправите или замените Стоките на локацијата за испорака или во вашите простории, во зависност како ќе се договориме, или да ни ги рефундирате сите суми што сме ги платиле во врска со Стоките кои не се во согласност со Договорот (и поправените или заменети Стоките ќе бидат предмет на обврските од Договорот); (iii) ако испораката не е точна, треба веднаш да ни надоместите каков било трошок (вклучително шпедиција/превоз, царина и трошоци за складирање кои сме ги имале; (iv) да ги одбиеме Стоките или да го прекинеме извршувањето на Услугите и да обезбедиме замена за Стоките и/или Услугите од друг доставувач и да добиеме надоместок од вас за какви било трошоци или плаќања кои разумно сме ги претрпеле при обезбедувањето на такви заменски Стоки и/или Услуги; (v) да побараме од вас да го повторите извршувањето на Услугите на ваш трошок и/или (v) да бараме отштета за какви било трошоци, загуби или расходи што сме ги направиле кои се припишуваат на вашиот пропуст да ги извршите вашите обврски според Договорот.

14.3 Без нарушување на каков било правен лек што ни е достапен според овие Услови или според закон, треба да ни ја надокнадите штетата нам и на нашите Подружници за сите обврски, дејства, постапки, штети, трошоци, побарувања, барања, расходи и загуби кои ние сме ги претрпеле што произлегуваат од (i) какво било побарување од нас или од нашите Подружници за реално или наводно кршење на правата на интелектуална сопственост на трета страна што

произлегува од или е во врска со производството, испорака или користење на Стоките или извршувањето на Услугите (ii) загуба на живот, физичка повреда или штета на сопственост што произлегува од или е во врска со каква било грешка или пропуст во врска со Услугите и/или е предизвикана од вас на нашата локација или на локацијата на Подружницата и/или од каков било дефект кај Стоките или извршување на Услугите или нивен дефект. Таквиот услов ќе го надживее истекувањето или прекинувањето на Договорот.

**15. ВИША СИЛА**:

Ниту една страна нема да биде одговорна кон другата за каков било пропуст, доцнење или неуспех при остварување на своите обврски според Договорот до степен до кој таквото доцнење или неуспех е предизвикано од настан или околност што е надвор од контрола на таа страна и кој по самата своја природа не можел да биде предвиден од таа страна, или дури и ако бил предвиден, не можел да се избегне („**Виша сила**"), под услов дека сте ги искористиле сите разумни напори да ги минимизирате ефектите од Вишата сила и повторно да почнете со спроведување на Договорот. Ако какви било настани или околности ве спречат да извршите кои било од вашите обврски од овој Договор во продолжен период од повеќе од пет дена, ние може да го прекинеме Договорот (во целост или делумно) веднаш со испраќање на писмено известување до вас. Недостиг на работна сила, материјали или средства, расипување на машинерија или доцнења од подизведувачи, нема сами по себе да претставуваат Виша сила, освен ако тие не се предизвикани од околности кои се околности во рамки на горенаведеното значење на Виша сила.

**16. ОСИГУРУВАЊЕ**:

16.1 Дополнително на барањата од услов 4.1, треба на ваш сопствен трошок во текот на периодот на Договорот и во период од две години после тоа да имате такво осигурување (со реномирана осигурителна компанија) какво што е соодветно да ги остварите обврските и одговорностите според Договорот што произлегуваат од испораката на Стоките и/или вршењето на Услугите. Тоа осигурување треба:

(a) да вклучи осигурување на Стоки: (i) на сума што е наведена од наша страна во Комерцијалните услови, или ако нема таква спецификација, сума што е еднаква на противвредноста на трошокот за Стоки и (ii) за сите ризици, вклучително кражба, поткраднување и недоставување поради која била причина од местото на производство до местото на испорака; и

(b) да ограничи покривање што разумен бизнис со слична големина на вашиот што работи во вашата индустрија би го добил и кој во секој случај не е помал од следните ограничувања утврдени со овој услов 16.1(b) за какво било побарување или серија на побарувања што произлегуваат од единечен настан во текот на тој период: професионално осигурување на штета – 1.000.000 Британски фунти или еквивалент во македонски денари; осигурување на пасива/одговорност на производ – 1.000.000 Британски фунти или еквивалент во македонски денари; осигурување за јавна одговорност – 1.000.000 Британски фунти или еквивалент во македонски денари; осигурување на одговорност за возила на трета страна – сума каква што се бара според закон во соодветната јурисдикција; и одговорност на работодавачот и осигурување за компензација на вработените – сума каква што се бара според закон во соодветната јурисдикција,

да ги покрие обврските што може да произлезат од или во врска со Договорот.

16.2 Вие треба, на барање, да покажете и сертификат за осигурување со детали за тоа што е опфатено и сметката за платена премија од тековната година за тоа осигурување.

16.3 Какво било ограничување, парично или поинакво во таква полиса за осигурување што е наведена во услов 16.1 погоре, нема да се толкува како ограничување на вашата одговорност и ќе останете одговорни во целост за какви било прашања и до кој било степен што не е покриен со полисата.

**17. РАСКИНУВАЊЕ**:

17.1 Без нарушување на какво било друго право или достапен правен лек, секоја страна може да го прекине Договорот со моментална важност со давање на писмено известување на другата страна ако другата страна (i) направи материјален прекршок (или серија на постојани мали прекршоци кои, кога ќе се соберат заедно, водат до материјален прекршок) на овој Договор што не може да го поправи, или ако може да го поправи, а не е поправен во рок од 20 дена откако се доставени разумни детали од другата страна за таквиот прекршок; или (ii) стане несолвентна или не може да ги плаќа долговите, донесе решение за прекин на работата или судот донесе наредба да ја прекине работата (во двата случаи поинаку од целите за солвентна реорганизација), има назначено примател, менаџер или администратор на сите или на некои од своите средства или прави какви било спогодби со или во корист на своите кредитори.

17.2 Ние (без нарушување на другите наши права) сме овластени веднаш да го прекинеме Договорот во кое било време со давање на писмено известување до вас и повеќе немаме одговорност кон вас освен плаќање на разумна сума за работата што веќе сте ја завршиле (под услов дека сте преземале чекори да се минимизираат трошоците).

17.3 Прекинувањето или истекувањето на Договорот нема да влијае на правата на страните и правните лекови што доспеале при прекинувањето или истекувањето, вклучително и правото на побарување на штети во однос на какво било прекршување на Договорот што постоело за време на или пред датумот на прекинување или истекување. Условите кои изречно или со импликација ќе го надживеат истекувањето или прекинувањето на Договорот ќе продолжат со целосна важност и ефект.

**18. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНИ**:

18.1 Вие гарантирате и тврдите дека нема директно или индиректно да нудите, плаќате, ветувате да платите или да дадете овластување за плаќање на какви било парични средства или финансиска или друга корист на некое лице со цел да се добие несоодветна предност, или на друг начин да се однесувате спротивно на кој било закон против корупција и особено (но без нарушување на општоста на претходното) Законот за спречување на корупција и конфликт на интереси, вклучувајќи го, но не ограничувајќи се на Законот за Корупција на Обединетото Кралство од 2010 година, Законот за странски корумпирани практики на САД од 1977 година или каков било друг закон против корупција („**Закони против корупција**").

18.2 Вие гарантирате и тврдите дека ќе работите во согласност со сите применливи закони, регулативи и правила за оданочување, против перење пари и против финансиски криминал („**Закони за финанскиски криминал**"), и (i) Стоките и/или Услугите не претставуваат приходи од криминал според какви било важечки Закони за финансиски криминал, и не се стекнати од извори на конфликт, тероризам или од перење пари, и дека каков било надоместок што сме го платиле за купување на Стоки и/или Услуги ќе се користи за законски цели од ваша страна; и (ii) нема да направите прекршок со мамење на управата за приходи или прекршок со кој вие или некое друго лице намерно ќе направи или ќе преземе чекори со намера лажно да избегне плаќање на данок.

18.3 Прифаќате дека Стоките и/или Услугите може да бидат предмет на контрола на извоз и закони за санкционирање на трговија, регулативи, правила и лиценци („**Контрола на извоз и правила за санкционирање на трговија**") и се согласувате дека ќе се придржувате до Правилата за контрола на извоз и санкции за трговија.

18.4 Гарантирате и тврдите дека вие сте потполно свесни и дека ќе се придржувате до сите применливи (i) закони против ропство и трговија со луѓе, статути, регулативи и кодекси од време на време што се на сила, вклучително и Законот за модерно ропство на ОК од 2015 година („**Закони против ропство**"); и (ii) меѓународни конвенции (вклучително и Основните конвенции на меѓународната организација за труд, Глобалниот договор на Обединетите Нации и Водечките принципи за бизнис и човекови права на ОН) и важечките закони во врска со работните услови и стандардите за работа („**Закони за работа**"); и дека имате воспоставено робустни и разумни интерни процедури за да се уверите дека вие и вашиот персонал се придржувате кон Законите против ропство и Законите за работа.

18.5 Вие гарантирате и застапувате дека Стоките не содржат какви било спорни материјали како што е дефинирано во Упатството за постапување со должно внимание за одговорни синџири на испорака на минерали од области зафатени со конфликт и високо-ризични области на OECD и дека не се добиени од извор кој финансирал конфликт или тероризам или учествувал во злоупотреба на законите за работна сила и за финансиски криминал.

18.6 Вие тврдите дека не сте преземале ниту ќе преземете директно или индиректно какво било дејство што ќе предизвика нашите службеници, директори, вработени и/или Подружници да ги прекршат или да не ги почитуваат Правилата за контрола на извоз и за санкции на трговија, Законите против корупција, Законите за финансиски криминал и/или Законите против ропство и Законите за работа (заедно „**Закони за усогласеност**") и ќе ни доставите такви информации и/или документација (вклучително и документи за идентификација) ако побараме за да бидеме усогласени со тие закони.

18.7 Вие ќе примените целосна и робустна детална анализа и процедури за мониторинг за вашите доставувачи за да се уверите дека тие се придржуваат до Законите за усогласеност. Вие се согласувате дека сите лица поврзани со вас во врска со Договорот го исполнуваат овој услов 18.7.

18.8 Во околности во кои ќе утврдиме, добронамерно, дека вие сте го прекршиле овој услов 18 ние ќе бидеме овластени, како дополнување на нашите други права, да го прекинеме Договорот со вас давајќи ви писмено известување со моментална важност.

18.9 Вие ќе нѐ штитите, обештетите и ние и нашите подружници нема да бидеме оштетени од какви било парични казни, штети, трошоци, загуби, обештетувања, такси и казни кои ние сме ги направиле како резултат на вашите грешки, недостатоци или пропусти да се придржувате кон овој услов 18 и/или какво било раскинување во согласност со овој услов 18.

18.10 Овој услов 18 ќе го надмине истекувањето или прекинувањето на Договорот.

**19. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**:

19.1 За целите на овој услов 19, Закони за заштита на податоци се однесува на сите закони за заштита на податоци, регулаторни барања, упатства и кодекси за постапување, вклучително Регулатива (ЕУ) 2016/679 („**GDPR**"), Одредба 2003 за приватност и електронски комуникации (Директива на ЕК) („**PECR**") и Законот за заштита на лични податоци како што одвреме навреме се менува и/или заменува, и термините Контролор, Обработувач на податоци, Лични податоци и Обработени ќе имаат дефиниции дадени за тие термини во GDPR.

19.2 Освен ако не е применлив условот 19.3 подолу или кога е поинаку експлицитно договорено написмено помеѓу страните, вие ќе се сметате за Контролор во врска со какви било Лични податоци обработени од ваша страна во врска со Договорот. Треба да ги исполнувате барањата на Законите за заштита на податоци што се однесуваат на Контролори во врска со Договорот и нема свесно да направите или да дозволите да биде направено нешто што може да доведе другата страна да ги прекрши Законите за заштита на податоци.

19.3 Ако имате улога на Обработувач, се согласувате дека одредбите утврдени во Анекс А ја регулираат обработката.

19.4 Ако пренесувате Лични податоци меѓународно, се согласувате со Стандардните договорни клаузули дадени во Анекс Б, коишто вие ќе треба да ги пополните и да ги внесете.

**20. ДОГОВОРИ СО ВЛАДАТА:**

Онаму каде што Стоките и/или Услугите треба да се користат за извршување или во врска со договор или под-договор со влада, Договорот ќе биде предмет на какви било посебни услови пропишани од соодветниот оддел на владата и на овие Услови (доколку тие не се недоследни на таквите посебни услови). Деталите од таквите специјални услови ќе бидат доставени на барање и ќе бидат означени во Комерцијалните услови таму каде што е применливо.

**21. ИЗВЕСТУВАЊА**:

Известувањата ќе бидат испратени по пошта од прва класа до регистрираните канцеларии на страните со потврда за прием и ќе се смета дека се доставени 2 работни дена по испраќањето (PCM) или 5 работни дена после испраќањето (надвор од PCM).

**22. НЕПРЕНОСЛИВОСТ**:

Не смеете да доделувате, заменувате или на поинаков начин да го пренесувате Договорот или кое било од вашите права или обврски според Договорот, во целост или делумно без наша претходна писмена согласност.

**23. ВАЖНОСТ**:

Ако некоја одредба, или дел од одредба од Договорот се утврди од некој суд или орган на компетентна надлежност дека е незаконски, невалиден или не може да се примени, таа одредба или дел од одредба ќе се смета дека не е дел од Договорот и нема да има влијание врз законитоста, валидноста или можноста да се примени на остатокот од одредбите во Договорот, освен ако не е поинаку побарано од примената на важечки закон, а страните ќе направат разумни напори да се спогодат во разумно време за целосна и разумна варијанта на Договорот која може да биде неопходна за да се постигне, до највисок можен степен, истиот комерцијален ефект кој би се постигнал со одредбата или делот од одредбата за која станува збор без да има суштинска промена на зделката помеѓу страните.

**24. ПРАВА НА ТРЕТА СТРАНА:**

Вашите обврски од овој Договор (вклучително и сите застапувања, гаранции и обврски) се дадени за наша корист и во корист на секоја од нашите Подружници. Какви било трошоци, расходи или загуби претрпени или настанати од кои било од нашите Подружници според или во врска со Договорот ќе се сметаат дека се претрпени или настанати од нас и имаме право вие да нè обештетите за тие трошоци, расходи или загуби исто како ние да сме ги претрпеле тие трошоци, расходи или загуби (под услов да нема двојно враќање на истите). Таму каде што некој важечки закон ќе спречи тие трошоци, расходи или загуби претрпени од некоја од нашите Подружници да бидат во целост повратени во согласност со претходната реченица, соодветната Подружница може да ги наметне поволностите што ѝ се доделени со Договорот за самата да ги поврати тие трошоци, расходи или загуби. Не е неопходна согласност на лице кое не е страна во овој Договор за каква било варијација (вклучително и објавување или компромис во целина или делумно на каква било одговорност) или прекинување на овој Договор или некој или повеќе услови од истиот. Освен како што е наведено во овој услов 24, лице кое не е страна на овој Договор не смее да применува која било од неговите одредби.

**25. ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ**:

Никаков пропуст или доцнење на спроведување на какво било право или правен лек според Договорот или по закон не треба да претставува одрекување од одговорност или на каков било начин да му наштети на тоа или какво било друго право или правен лек според Договорот или по закон.

**26. БЕЗ ПАРТНЕРСТВО ИЛИ АГЕНЦИЈА**:

Ништо во овој Договор не е наменето, или се смета дека е, да се воспостави или оствари партнерство или заедничко вложување помеѓу која било од страните, да создаде однос на главен и застапник за каква било цел помеѓу страните или да ја овласти која било страна да направи или да влезе во какви било обврски за или во име на другата страна.

**27. ПРЕВЕДУВАЊЕ:**

Ако Договорот се преведува на кој било друг јазик и/или се користи двојазична верзија, верзијата на англиски јазик ќе има предност, како што е достапна на ***www.matthey.com***.

**28. ЦЕЛОСЕН ДОГОВОР**

28.1 Овој Договор го претставува целосниот договор помеѓу страните и ги заменува и исклучува сите спогодби, договори, ветувања, преземања, понуди, гаранции, репрезентации и разбирања помеѓу нив во кое било време пред нивниот соодветен потпис („**Преддоговорни изјави**“), без разлика дали се писмени или усни, во врска со неговата содржина.

28.2 Секоја од страните потврдува дека при склучувањето на овој Договор не се потпира на каква било Изјава за преддоговор што е направена во името на друга страна (без разлика дали е направена ненамерно или од небрежност) во врска со предметот на овој Договор, освен за оние што се наведени изречно во овој Договор.

28.3 Секоја страна се согласува дека нема да има побарувања за ненамерно или од небрежност погрешно толкување или ненамерно погрешно прикажување што се заснова на, и со ова се одрекува од сите права и правни лекови кои инаку би биле достапни за тоа во врска со, каква било Преддоговорна изјава.

28.4 Ништо во овој услов 28 нема да ја ограничи или исклучи одговорноста на која било страна што произлегува од какво било преддоговорно лажно погрешно толкување или лажно прикривање.

**29. ЗАКОН И НАДЛЕЖНОСТ**:

Составувањето, важноста и спроведувањето на Договорот и каков било спор или побарување (вклучително и недоговорни спорови или побарувања) што произлегуваат од или се поврзани со договорот или со предметот на договорот или со неговото создавање треба да биде регулирано од законите на Северна Македонија и страните неотповикливо се согласуваат да подлежат на не-ексклузивна надлежност на судовите во Северна Македонија според местото на испорака на Стоките и/или Услугите, меѓутоа ништо во овие Услови не спречува една страна да поднесе барање до кој било суд со компетентна надлежност за привремена помош и/или мерки за осигурување.

## АНЕКС А: КЛАУЗУЛИ ЗА ОБРАБОТУВАЧ НА ПОДАТОЦИ

1.1 Во овој Анекс А, **„Легислатива за заштита на податоците**“ значи (ЕУ) 2016/679 (Општа регулатива за заштита на податоците - GDPR) и какви било нејзини измени или замени (вклучувајќи ги сите соодветни или еквивалентни национални закони или регулативи што ја спроведуваат); (ii) други применливи легислативи на Европската унија (ЕУ); (iii) Законот за заштита на податоците од 2018 г.; (iv) до степен што е применлив, законите за заштита на податоците или законите за приватност на која било друга земја; и (v) секое обврзувачко упатство или кодекс на практики издадени од надлежен орган одговорен за надзор на усогласеноста со важечката Легислатива за заштита на податоците.

1.2 До степен до којшто кои било Лични податоци што ги обработувате според овој Договор, вие ќе бидете Обработувач на податоци што дејствува во наше име како што е опишано во евиденцијата за обработка подолу.

1.3 Во врска со Договорот, вие:

1.3.1 во секое време ќе ја почитувате Легислативата за заштита на податоците и нема да ги извршувате вашите обврски според овој Договор на таков начин што ќе предизвикате да прекршиме која било од нашите применливи обврски согласно Легислативата за заштита на податоците;

1.3.2 ќе ги обработувате личните податоци до степен и на таков начин што е неопходен за извршување на вашите обврски согласно овој Договор, како што е утврдено понатаму во евиденцијата за обработка подолу и во согласност со какво било упатство од нас и нема да ги откривате истите на кое било трето лице;

1.3.3 ќе имплементирате соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластено или незаконско обработување и од случајно губење, уништување, оштетување, промена или откривање;

1.3.4 ќе преземете разумни чекори за да обезбедите сигурност и доверливост на вработените или агентите кои имаат пристап до Лични податоци и да се осигурите дека тие се обврзале на доверливост или се под соодветна законска обврска за доверливост;

1.3.5 нема да обработувате или пренесувате какви било Лични податоци во или на која било земја: (а) надвор од Европската економска област и (б) која не се смета за соодветна од страна на Европската комисија согласно Легислативата за заштита на податоци („**Ограничена земја**“) без наше претходно писмено одобрување;

1.3.6 кога се дадени вакви одобренија, ќе бидат условени со: (1) каков било пренос на Лични податоци во која било Ограничена земја што се прави според условите на обврзувачки договор што вклучува стандардни клаузули на ЕУ за пренос на Лични податоци од Контролор на податоци на Обработувач на податоци склучен помеѓу нас и релевантниот примател (или кој било друг валиден механизам за пренос според Легислативата за заштита на податоци), како што е наведено во Анекс Б, (2) Предметот на податоците има применливи права и ефективни правни лекови, (3) вие ги исполнувате своите обврски согласно Легислативата за заштита на податоците, обезбедувајќи соодветно ниво на заштита на сите Лични податоци што се пренесуваат; и (4) вие се придржувате до упатствата што ви се доставени однапред од нас во врска со обработката на Личните податоци. Во врска со (1) погоре, ве овластуваме да ги внесете стандардните клаузули на ЕУ во наше име и за наша сметка. Извршените стандардни клаузули на ЕУ ќе ни ги ставите на располагање на барање. Се согласувате да прифатите какви било измени на таквите стандардни клаузули кои се неопходни за да се усогласат со важечкиот закон што се применува за ваквиот пренос на податоци. Таквиот обврзувачки договор не е во спротивност со правата на Компанијата според овој Договор; и

1.3.7 ќе соработувате како што е побарано од наша страна за да ни овозможите усогласување со вашите обврски согласно Легислативата на заштита на податоците, вклучувајќи и во врска со какво било остварување права од страна на Субјектот на податоците според Легислативата за заштита на податоци;

1.3.8 нема да ангажирате друг обработувач без претходна согласност од контролорот;

1.3.9 ќе ги избришете или вратите (по наша опција) сите лични податоци по завршувањето на обезбедувањето Услуги и ќе ги избришете сите постоечки копии од нив;

1.3.10 ќе ни ги ставите на располагање сите информации потребни да се демонстрира усогласеноста со обврските утврдени во оваа клаузула 1.3 и ќе дозволите и придонесете за ревизии, вклучувајќи и инспекции, спроведени од наша страна или друг ревизор назначен од нас;

1.4 Ќе нѐ известите веднаш (и во секој случај во рок од дваесет и четири (24) часа) откако ќе станете свесни за, или ќе се посомневате во појава на, каква било загуба или корупција на Лични податоци или повреда на безбедноста на податоците во врска со Личните податоци.

1.5 Ќе нѐ обесштетите за и против какви било трошоци, загуби, штети, судски постапки, побарувања, издатоци, барања, казни или парични казни настанати или претрпени од нас, кои произлегуваат како резултат или во врска со какво било прекршување на вашите обврски од овој Договор или Легислативата за заштита на податоците.

1.6 Табела за евиденција на обработката како што е наведена погоре:

| | |
|---|---|
| **Предмет и времетраење на Обработката на личните податоци според оваа Изјава за работа/Нарачка за купување** | |
| **Природа и цел на Обработка на лични податоци** | |
| **Видови лични податоци што треба да се обработуваат** | |
| **Посебни категории лични податоци што треба да се обработуваат** | |
| **Категории на субјекти на податоци на кои се однесуваат личните податоци** | |
| **Одобрени подобработувачи** | |

**АНЕКС Б: СТАНДАРДНИ ДОГОВОРНИ КЛАУЗУЛИ ЗА ПРЕНОСОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

Онаму каде што ние имаме дадено одобрение за меѓународен пренос на лични податоци, страните ќе се согласат на тековната верзија на стандардните клаузули на ЕУ за пренос на Лични податоци од Контролор на податоци на Обработувач на податоци, како што се наведени на веб-страницата Europa EUR-LEX на различни јазици: https://eur-lex.europa.eu под делот Стандардни договорни клаузули.